д-р Ристе Темјановски[1]

# ПРАВЦИ ВО СВЕТСКАТА ТРГОВИЈА: УЧЕСНИЦИ И ПОБЕДНИЦИ

***Апстракт***

Денес светскиот систем го сочинуваат повеќе од 190 земји. Тие се со различна распространетост, облик и големина. Често поставувано прашање претставува отвореноста на земјите денес: Колку е значајна меѓународната трговија на државите во светот? Кои земји тргуваат со други? Што е предмет на трговската размена? Тоа е само еден мал сегмент од сложената организација на системската структура во меѓународната економија.

Анализирајќи ги трговските модели во овој дел, ќе го покажеме моделот на увоз и извоз на добра кај индустријализираните земји. Воедно најголемата трговска размена се обавува помеѓу индустријализираните земји.

Останува императивот да во поглед на националните трговски модели, земјите претендираат да тргуваат со своите соседи. Повеќе од очигледно е дека во ЕУ, дветретини од земјите членки на ЕУ извезуваат во други земји членки на ЕУ, и во Северна Америка, кде Канада, САД и особено Мексико се главни пазари за секој меѓусебно.

**Клучни зборови**: *трговски модели, трговија, меѓународна економски односи, глобализација, либерализација*

***Вовед***

Економската моќ на одделни национални економии во светот, традиционално низ историјата се одредувала преку нивното учество во вкупната меѓународна трговска размена. Денес, во сферата на глобаланите случувања, сите држави учествуваат во меѓународната трговија. Се одвива немилосрдна борба помеѓу земјите на светската трговска арена. Само земјите кои успеваат да се издвојат со квалитет, иновативност и конкурентска цена успеваат и да доминираат и да издвојат профит во меѓусебниот натпревар.

Светскиот трговски систем е најбројниот и најсложен регионален структурен организам. Различни производи и услуги произведени во секоја земја се продаваат ширум светот преку најразновидни економски агенти (индивидуални лица, фирми, влади) во други земји. Државите кои меѓусебно

---

[1] Доц.д-р Ристе Темјановски, ЕУРМ: Факултет за економски науки,
Riste Temjanovski, PhD, EURM: Faculty of Economics
email: riste.temjanovski@eurm.edu.mk

тргуваат во овој сложен систем се со различни големини, стопанска развиеност, политички и културен развој и природни ресурси. Има големи земји со голема населеност (Кина, Индија) и големи земји со мала населеност (Австралија, Канада). Има мали земји со голема населеност (Јапонија) и мали земји со мала населеност (Словенија, Македонија). Без разлика на нивната големина, како и да е, има одредени карактеристики кои се заеднички за сите. Во секоја, на пример, има економска активност. Добра и услуги се произведуваат, разменуваат и конзумираат. Некои производи и услуги произведени во рамки на една земја се продаваат на економски посредници (индивидуалци, фирми, влади) во други земји и овие производи се познати како извозни. Некои производи и услуги конзумирани во една земја се купени од економски агенти во други земји и овие добра се познати како увозни.

**Состојби на светските трговски движења**

Дали трговијата се проширала подеднакво за сите земји? Дали овие шеми се смениле со текот на времето? Денес никој не може да го оспори или пренебрегне значењето на надворешната трговија во индустриската, а со тоа и економска трансформација на САД, Јапонија, Тајван, Сингапур, Јужна Кореја и Западна Европа кое се одигрува последните децении. Во 2004 САД биле втор најголем извозник. Исто така биле и најголем светски увозник и имале светски најголем трговски дефицит. Во 2004, Јапонија имала втор најголем трговски суфицит, иако две децении претходно, во 1980 год., имала трговки дефицит. Во 2004, Јапонија била четврти најголем извозник, после Германија, САД и Кина. Меѓу најголемите извозници во 2004 бил следните држави: Франција, Холандија, Италија, Велика Британија, Канада и Белгија.

Не само што индустријализираните земји се најголемите извозници во светот, туку статистичките податоци даваат индикации и дека тие се и најголеми увозници. САД, Канада и ЕУ претставуваат примарни пазари за извоз на добра и услуги на сите региони.

Значителна карактеристика на сликата на растот е значајноста на Азија како извозно ориентиран регион. Вредноста на светскиот извоз била 56 пати повисока во 2004 отколку што била во 1965, но извозот на Азија во 2004 бил 131 пат поголем од оној во 1965 год. Уделот на азискиот извоз во тоталната светска трговија пораснал од 12% на 29% во последните 39 години. Како што е кажано претходно, земјите главно одговорни за феноменалниот раст биле Кина, Јапонија и ново индустријализираните земји.

Додека Азија се развивала како важен производител и извозно ориентиран континент, Латинска Америка и Африка се нашле во еродирачка позиција во поглед на светскиот извоз. Делот на Латинска Америка во светскиот извоз опаднал од 7 на 5%. Делот на Африка паднал од 5% на околу 2%. Делот на Северноамериканскиот извоз исто така паднал во овој период, од повеќе од 20% на околу 12%.

Анализите на светската трговија по земји покажуваат дека, САД е главен трговски партнер за повеќето земји. Ова ја рефлектира големината на американската економија и високите нивоа на приходи кои се сконцентрирани во Америка во однос на другите пазари. Второ, постои значајна поврзаност дека далечината игра важна улога во трговските шеми. Канада и САД претставуваат најголеми трговски партнери една за друга.

Велика Британија, Франција и Германија тргуваат значително меѓу себе и со Западноевропските земји во целина. Мексико тргува главно со САД, Сингапур со земјите на Западниот Пацифик и Русија со земјите од Источна Европа.

Сумаризирајќи ги трговските шеми опишани во овој дел, се заклучува дека индустријализираните земји се учесници во најголемиот дел од светскиот увоз и извоз. Особено, најголем обем на трговска размена се јавува меѓу индустријализираните земји. Учеството на земјите од Азија во светскиот пазар се дуплирало во последните 30 години, а истовремено се втор најголем регион на извоз после ЕУ како и значаен потрошувач за извозниците од разните страни на светот.

Во услови на национални трговски шеми, земјите имаат тенденција ексклузивно да тргуваат со нивните соседи. Никаде тоа не е поизразено отколку во ЕУ, каде две третини од членките на ЕУ извезуваат во земји членки на ЕУ, и во Северна Америка, каде Канада, САД и посебно Мексико се главни пазари за нивните стоки (регионалната групација НАФТА). Особено ако се знае фактот дека, САД е значаен пазар за извозот на другите земји.

Трговските шеми на земјите опишани во овој дел беа ставени на емпириски тест од економистите по меѓународна трговија. Овие економисти употребуваат гравитациони модели за да се обидат да предвидат кои земји имаат тенденција да тргуваат со другите земји. Гравитациониот модел е статистички модел кој ги проценува трговските текови на една земја во другите земји базиран на економските карактеристики на двата партнери. Основната претпоставка на гравитациониот модел е дека две земји тргуваат меѓу себе повеќе кога нивниот комбиниран БНП е поголем и географската далечина е помала. Тоа не треба да биде изненадување, со оглед на резултатите кажани во овој дел, дека економистите увиделе дека гравитациониот модел го објаснува трговскиот образец мошне реално.

Додека развиените земји имаат перманентно учество во структурата на светската трговија, други земји (особено земјите во транзиција) доживеале силен раст особено после 90-те години. Ова најмногу се однесува на земјите од ЦИЕ, вклучувајќи ги тука Унгарија, Бугарија, Романија, Полска и Чешката и Словачката Република. Во последните 20 години овие земји постигнаа забележлива транзиција, како економски системи кои се потпирале на централното планирање на производството и државните компании се трансформирале и биле заменети со приватни фирми. Други земји со силен раст (со надминување на 6% годишно) во овој период се

Коста Рика, Египет, Кина, но и Норвешка (како членка на ЕФТА), Грција и Ирска (како дел од семејството на ЕУ).

## Отвореноста на земјите во трговската размена

Често поставувано прашање е што ја предизвикало оваа "експлозија" на светската трговија? Нема едноставен одговор на ова прашање. Еден фактор сигурно одиграл важна улога, а тоа е намалувањето или целосно отстранување на трговските бариери на меѓународната трговија која се јавила со ефектите на глобализацијата. Бариерите на трговијата вклучуваат транспортациони и комуникациони трошоци. Со подобрувања на технологијата во овие подрачја, како што се контејнерските бродови, супертанкерите и сателитските телекомуникациони мрежи, сега им е многу полесно на шпедитерските агенти или продавачите во една земја да контактираат со потрошувачите во друга и да испорачуваат добра до нив навремено.

Земјите во светот денеска се наоѓаат во една жестока борба за што поповолна положба во новата меѓународна поделба на работата која ја диктира современата научно-технолошка револуција. Резултатите од таа борба ја одредуваат вкупната позиција на секоја земја во светското стопанство на подолг временски период. Ова е важна компонента ако се има предвид нараснатата економска и технолошка меѓузависност во современиот свет. Повоениот раст на светската економија (сè до кризата во 70-те години) кој се одвивал без подлабоки потреси, поврзан е со либерализација на меѓународните економски односи, со брзиот пораст на обемот на меѓународната трговија и со многу поголема мобилност на производните фактори во националните и меѓународни рамки. Истовремено, поширокото отварање на националните економии кон светскиот пазар и зголемената економска зависност, овозможиле таква состојба, да промените во еден дел од меѓународниот економски систем низ постојните стоковни, финансиски и технолошки канали, побрзо се трансферира и на останатите негови делови. Различните економски, политички и геостратешки позиции (во зависност и од општествено-економските системи на одделни земји), влијаеле последиците на тоа отварање за секоја земја да биде со различна динамика и големина.

За една земја би можело да се каже дека располага со успешен економски систем, кој овозможува такво вклучување на домашното стопанство во меѓународната поделба на работата и светскиот технолошки развој, ако има повратно позитивно влијание на општествено-економскиот развој, побрзо преструктуирање на економијата во согласност со барањата на модерните текови на светскиот прогрес.

Пристапот и дефинирањето на критериумот “отвореност” пред сè на активно-пасивното вклучување на земјите во меѓународната поделба на работата и современиот технолошки разој, побарува примена на соодветни показатели кои овозможуваат квантификација на овој критериум на успешност. Како најсоодветни показатели, се издвојуваат:[2]

- коефициент на вклучување во меѓународната поделба на работата (мерено според односот на стапката на раст на извоз и стапката на економски пораст, односно учеството на извозот во висината на општествениот производ);
- индекс на “вертикалното вклучување во меѓународната размена, со кој се одредува релативната концетрација помеѓу примарните производи и преработувачката индустрија во структурата на надворешнотрговската размена на една земја. Колку вредноста на индексот е поблиску до +1, со тоа повеќе некоја земја е во состојба да извезува производи од преработувачката индустрија, а увезува примарни производи, и обратно: вредноста на индексот е негативен во случај на извоз на примарни производи, а увезува производи од преработувачката индустрија;
- индекс којшто ја означува вредноста на надворешнотрговскиот партнер (индексот е 100, кога вкупниот извоз е сконцентриран на само еден надворешнотрговски партнер и обратно, индексот се приближува кон 0, со зголемување на бројот на надворешнотрговските партнери и со рамномерна распределба на вкупната вредност на извозот);
- индекс којшто ја означува вредноста на извозот во однос на БДП (индексот е 200, кога извозот на една земја учествува двапати во однос на БДП).
- учеството на технолошки интензивните сектори во вкупниот извоз;
- односот на надворешнотрговската размена;
- показател на технолошката зависност (број на дозволи за патенти издадени на странските лица во однос на вкупниот број издадени дозволи);
- индекс на концентрација на странските инвестиции (учество на директните странски приватни инвестиции кои потекнуваат од главниот инвестиционен партнер);
- влез на странски капитал (учество во вредноста на основните фондови во рацете на странците во однос на вредноста на сите произведени фондови);

---

[2] Bajec J.: *Savremeni privredni sistemi: uvod u komparativno izučavanje.* Beograd: Ekonomski fakultet, 1991. str. 141-142.

- одлив на капиталот (учество во вредноста на сите видови плаќања во странство според националниот доход).

Значењето на степенот на отвореност на земјите во светот[3] во меѓународната трговија се разликува значително. За овој приказ ќе биде претставена анализата за индексот на отвореност во 1980 и 2004 год.[4]

Во 1980 година според индексот на отвореност, најотворена земја од сите беше Сингапур, со вредност 215, што значи извозот на оваа земја беше повеќе од двапати од БДП. Останати високо отворени економии беа Хонг Конг (индекс на отвореност – 90), Конго (60), Малезија (58), Белгија (57), Холандија (51), Того (51), Јамајка (51), Панама (51) итн. Во оваа година (1980) како најзатворени земји се споменуваа Бразил (9), Кина (6) и САД (10). Овој модел на отвореност на земјите покажува дека поголемите економии (според површина на територија и население) се со позатворен тип, додека малите економии се со поотворен тип. Значи малите економии имаат тенденција да произведат повеќе типови производи отколку населението може да потроши, со што го насочуваат ова производство за извоз. Спротивно на нив, големите економии беа определени со производство на стоки и услуги претежно кон домашното население.

Периодот меѓу 1984-2004 претставува ера на релативен силен пораст во трговската размена и на степенот на отвореност, што секако се рефлектира и во стандардот на живеење. Но за жал нископриходните економии останаа најзатворени според индексот на отвореност.

Како најотворени земји во 2004 година се издвојуваат Азиските тигри: Сингапур (172), Хонг Конг (146) и Малезија (108). Останати високотоворени економии се: Конго (105), Белгија (96), Словачка (79), Ирска (76), Чешка (71), Холандија (69), Унгарија (65) и Тајланд (62).

Што е со големите земји кои според индексот на отвореност во 1980 година беа на долното скалило. Аргентинскиот индекс на отвореност нарасна од 5 на 24, Кина од 6 на 35, Гана од 8 на 35 и Мексико од 11 на 27. Спротивно на нив, Индија (11), Етиопија (8), Јапонија (12) и САД (7) останаа во групата на релативно затворени економии. Но мора да се напомене дека САД и Јапонија и покрај фактот што според овој индикатор се вбројуваат во мошне затворени економии сепак според стапката на извоз во светски рамки тие се вбројуваат на второ, односно на четвро место во светот. За САД и Јапонија може да се каже дека продаваат огромни износи на стоки и услуги на светските пазари, нивниот извоз е релативно мал во однос на вкупната економска активност и според тоа добиваме показатели на степенот на отвореност на ниско ниво.

[3] Индекс на отвореност. – Значајна мерка во меѓународната трговија за една економија, го пресметува односот на извозот со вкупното домашно производство.
[4] Husted, Steven; Melvin, Melvin: International Economics. Boston: Pearson, 2007. p.9-11

### Правци на меѓународната трговија

Неспорно е дека меѓународната трговија е во постојан пораст. Но отворено се поставува прашањето дали ваквиот пораст е забележителен кај сите земји и каков е односот и билансот на тргување меѓу земјите? Кои земји се најприсутни во извозните активности, а кои се увозно зависни? За да можеме да го разјаниме ова прашање ќе го погледнеме моделот за шесте најактивни трговски региони во свет (Stefen Husted, Michael Melvin[5]), кои вклучуваат и индустриски развиени земји (САД, Канада, ЕУ), земји во развој (Латинска Америка, Африка и Среден Исток), Азија претставена преку Кина, Индија, Пакистан, Индонезија, како и Азиските тигри (Јапонија, Хонг Конг, Јужна Кореја, Сингапур и Тајван).

Табела 1: Трговска размена помеѓу трите водечките трговски сили во светот ЕУ, САД, Кина и Јапонија) во 2007 година, вредности во ***млрд (ЕУР, УСД)***




Извор: Обработени податоци од Eurostat - 2009, China's World Trade Statistics - 2009, USA Census statistics, 2009.

Податоците на обемот на трговска размена е претставен преку изборот на две временски серии, 1965 и 2004 година. Анализираните

[5] Husted, Stefen, Melvin, Michael : *International Economics.* Boston: Pearson: Addison Wesley, 2007. 11-17.

податоци покажуваат дека индустријализираните земји имаат огромен удел во трговската размена. Во 1965 година, САД Канада и ЕУ претставена преку 25 земји членки, произвеле 63% од светксиот извоз. Ако во оваа категорија го додадеме и извозот на Австралија, Јапонија и Нов Зеланд, индустриските земји учествувале со 70% од светскиот извоз во истата година. Во 2004 година извозот кај овие 30 земји е сведен на 61% од светскиот извоз.

Овие земји не само што предничат во учеството на извозот, туку се јавуваат и како најголеми увозници на стока и услуги. Според анализираните податоци за двете истражувани години (1965 и 2004 година) САД, Канада и ЕУ претставуваат примарни пазари за извоз на стока од целиот свет.

Забележливо е учеството на стоки од Азија, како производител и извозник. Вредноста на светскиот извоз беше за 56 пати поголема во 2004 година, од 1965, но извозот од Азија во 2004 година изнесуваше 131 пат со поголеми вредности од 1965 година. Учеството на азискиот извоз во вкупната светска трговија е зголемено од 12% на 29% за 39 години. Земји предводнички во овој економски феномен за трговска извозна експлозија беа Кина и Азиските тигри. За кинеската економија најголем пазар претставува пазарот на стоки во САД. Во 2009 година биле извезени стоки и добра во вредност од 220,8 млрд УСД, а увезени 77,4 млрд УСД. Но и покрај експанзивната извозна политика што ја има кинеската економија, единствено дефицит во трговската размена остварува со Јапонија. Увозот на стоки од Јапонија изнесува 130,9 млрд УСД, додека извозот достигнува вредност од 97,9 млрд УСД.[6]

Додека Азија значително го зголеми значењето како производител и извозник, Латинска Америка се во постојана еродирана трговска активност. Извозот на стоки на Африка забележи намалување од 7% на 5%. Уделот на извозот на стоки кај земјите од овој континент опадна од 5% на 2%.

Од анализираните податоци се потврдува констатацијата дека развиените индустријализирани земји имаат најголемо учество во светската трговска размена и дека најголемо е учеството на трговската размена помеѓу индустриско развиените земји.

Во поглед на националните трговски модели, земјите имаат тенденција за интензивна трговска размена со своите соседи. Ова посебно е изразено во ЕУ, каде 2/3 од земјите на ЕУ извезуваат во некоја друга земја членка на ЕУ, и во Северна Америка, каде САД, Канада и Мексико (регионалната групација НАФТА влијаела во голема мера да се зголеми и интензивира трговската размена меѓу овие три земји), се главни пазари помеѓу се одвива интензивна трговска размена.[7]

---

[6] Извор: PRC General adiministration of Customs, China’s Customs Statistics, http://www.uschina.org/statistics/tradetable.html

[7] Кикеркова И.: *Меѓународна економија*. Скопје: Економски факултет, 2003. 114-115.

**Економската политика како регулатор на движењето на капиталот**

Многу земји сеуште имаат задржано сериозни бариери за интернационалните движења на капиталот. И покрај тоа, финансиската либерализација во светот е тренд и во постојан континуитет. Трговските бариери вклучуваат владини ограничувања на трговијата, вклучувајќи тарифи и квоти на извозот и увозот. За време на последните 40 години, владите низ светот, особено кај високо индустријализираните економии, влегле во серија на мултилатерални договори за намалување на владините трговски бариери. Некои од овие договори биле меѓу помали групи на земји, како што е формирањето на Европската Унија (ЕУ) во 1957, која донесе виртуелна слободна трговија низ поголемиот дел на Европа. Други договори, како што се договорите на намалување на тарифите кои биле постигнати во Кенедиевата Рунда на преговори одржани во 1960, Токиската Рунда одржана во 1970 и Уругвајската Рунда на преговори во 1980 и раните 90-ти, биле за многу поширок сет на земји. Овие договори резултирале во три сукцесивни намалувања од над 40% на тарифните нивоа на повеќето индустријализирани земји.

Кај развиените земји со низок индекс на отвореност, честопати дражавните органи користат инструменти за контрола на капиталот со цел да го обесхрабрат излевањето, отколку да го охрабрат приливот. Ова се обично земји кои за загрижени за рамнотежа на платниот дефицит или за обезбедување на стабилноста на валутата. Сè до 1979 година Велика Британија имаше контрола на одлевањето на капиталот.

Франција и Италија беа двете големи западни земји што држеа ефективна контрола на капиталот во осумдесетите. И двете беа членки на Европскиот монетарен систем (EMS) и беа периодично загрозени со одлив на капиталот. Како последица на тоа имаа потешкотии да ги задржат нивните комитенти да ги одржат нивните берзи во опсег од плус или минус 2,25% (6% во случај на Италија), наспроти строгите валути како Германската марка. Во тоа време Франција и Италија имаа можност од покачување на домашната стапка на каматата за да го задржат капиталот внатре во земјата. Како и да е, тие исто така сакаа да управуваат со некои мерки на независност во нивната монетарен поредок, што би било можно ако ставката на нивните камати е комплетно врзана со странската стапка на каматата. Ова беше нивен мотив за држење на контроли на одливот на капиталот. Франција ги затегна контролите на движење на капитал кога социјалистот Франсоа Митеран беше избран за председател во 1981 година. Тогаш многу резиденти побрзаа да ги изнесат нивните пари надвор од државата. Разликата помеѓу тримесечната вредност на каматата во Лондон и најспоредливата домашна вредност на каматата во Париз имаше висока варијабила (беше многу променлива). Повеќето од времето беше само 1 до 2% годишно. Очигледно, сите одливи во умерен квалитет беа возможни. Но пример, има техничка

примена, во многу земји со контрола на капиталот, на водство и заостанување во кредитното тргување. Извозниците бараат побрза исплата за странски комитенти на берзата, а увозниците се обидуваат да го одложат плаќањето од берзата на нивните странски снадбувачи. Ако некој извозник или увозник успееше во промената на тајмингот на плаќањето како на пример за шест месеци, ова ќе кореспондираше со шест месечен одлив на капиталот. Ваков друг истороден пример беше евидентиран во Италија. После тоа, либерализацијата стана многу популарна. После 1986 година Франција и Италија ги растурија нивните контроли на капиталот. Во 1990 година практично сите индустриски земји ги отворија нивните финансиски пазари.

### Промени во даночната политика за стимулирање на извозот

Даночните реформи имаат важен ефект врз интернационалниот проток на капиталот. Приходот на земјите од данок може да има ефект на одлуките на интернационалните инвеститори што се однесува на тоа каде да ги вложат нивните пари. Изговорот дека граѓаните на една земја се оданочуваат на повисока стапка од другите не е неопходно да направи потстрек за портфолио на протекот на капиталот, претпоставувајќи дека секоја група на граѓани е оданочена на иста ставка на странските каматни заработувања, како на домашните заработувачи. Инвеститорите некогаш ги избегнуваат даноците со чување на нивните пари во даночни засолништа, како Карибите или на друго место. Во овие земји државната даночна политика влијае врз покачување (растење) на протокот на капитал. Соединетите Американски Држави, своевремено, служеа како зеден вид асолниште за инвеститорите кои бараа да ги избегнат даноците или да бидат подложени на поголема контрола, или дури и за конфискација во нивните сопствени држави. Многу Латино американци своето богатство бараат да го трансферираат во други дестинации, Мајами на пример. Високите корпоративни даноци, во спротивност со персоналните приходни даноци, можат да го индуцираат, да го поттикнат протекот на капиталот. Овие ги обесхрабрува земјите да ги хармонизираат корпоративните стапки на даноците.

Стоковнопазарните учесници во Германија, Швајцарија и Јапонија плаќаат данок на секоја трансакција. Власта во овие земји е под некој притисок да ги ги отргне овие повратни даноци, така што Франкфурт, Цирих и Токио да не го изгубат бизнисот кон другите финансиски центри. Со респект кон даноците, трендот на исчезнување води према зголемување на интернационалната мобилност на капиталот.

**Либерализација на тргувањето во финансиските услуги и директни инвестиции**

Либерализацијата претставува значаен феномен кој ги отстрани царините, субвенциите, квотите и другите бариери во тргување со стоките. Покрај тоа, за примена на либерализација, основни аргументи за успешна политика се и ветувањата и примената на реципрочна редукција на увозните бариери од страна на партнерите што тргуваат како во сукцесивни мултилатерални корпорации. Соединетите Американски Држави формално предлагаат таквото тргување во услугите, заедно со тргувањето на стоки да се вклучи во трговската либерализација во 1986 година. САД примарно беа заинтересирани за осигурањето, банкарство, и другите финансиски и информациски услови. Како либералицацијата на контролата на капиталот станува пораспостранета, така ќе се унапреди и можноста за унапредување и заем помеѓу државите.

Бариерите за СДИ во фабриките и опремата се општи. Некои држави поставуваат услови на секоја СДИ како за домашна содржина на законодавството што им забранува на таквите фабрики да увезуваат несразмено со дадената вредност на финалните производи на пример: во форма на автоделови што се само за монтирање во домашната земја.

Таквите издавања некогаш се важни во САД. Американците почнаа да покажуваат политичка осетливост за привлекување СДИ. Со одредбите во 1988 (Omnibus Trade Bill), Претседателот на САД ги блокира СДИ од безбедносни причина за националната економија. Американските политичари ги блокираа обидите на кинеските нафтени компании да ги купуваат Американските нафтени компании во 2005 година, и од компаниите во Дубаи да купуваат американски пристанишни објекти во 2006 година. Навистина, директните странски инвестиции, можат да бидат прекинати во секое време. Во исто време, Американците почнаа да тргуваат надвор од СДИ, исто така добро. Навистина, многу американски СДИ одат во држави со висока плата одошто во државите со ниска плата. Но, мултитералните обиди за преговарање за редукација на интернационалните бариери во СДИ, направија мал прогрес.[8]

[8] Caves, E. R.; Frankel, A. J.; Jones, W. R.: *World trade and payments: an introduction.* Boston: Pearson: Addison Wesley, 2007. 419.

**Оптимален ред во либерализацијата**

Едно важно практично прашање што произлегува од обврзувачката програма за либерализација, за осигурување е *оптимален ред во либерализацијата*. Дали либерализацијата на интернационалниот капитал ќе продолжи побрзо или побавно од либерализацијата на домашните пазари? Како либерализација во трговската размена ќе се однесува во услови на глобална финансиска криза која што се случува во последните неколку години? Во теоријата, оптимално е да се отстранат сите изобличувања (извртување на вистината) веднаш, но оваа стратегија е ретко практикувана. Прашањето беше разгледувано во доцните седумдесетти, кога неколку држави на југот на Латинска Америка се приклучија кон плановите за либерализација. Потоа, оптималниот поредок во либерализацијата повторно стана ургентно прашање во контекс на плановите за економски реформи во Источна Европа во деведесеттите. Имаше согласност либерализација на интернационалниот капитал да се појави покасно. Аргумент за тоа е ако интернационалните контроли се отстранети прерано, голем протек на капитал може да се случи како реакција на погрешен потстрек. На пример, либерализацијата во Чиле резултираше со голем трговски дефицит финансиран од големиот раст во позајмувањето, оставајќи ја државата со нерасчистен долг во осумдесетите.

Развиените индустриски земји ги вовлекуваат во орбитата на потребите на својот развој сите останати земји во светот кои, повеќе или помалку, успешно функционираат низ односот на зависност како доминирачка карактеристика на меѓународните економски односи. Во текот на претходните децении, во време на промена на фазите на полет и рецесија, под влијание на економски, политички и технолошки движечки сили, создадени се такви односи во светското стопанство кои ќе ги одредуваат генералните правци, суштина и ефекти на идните економски и политички движења во светот.

Не е доволно да се критикува процесот на глобализација како еден непосакуван процес, иако е јасно дека глобализацијата остава "скршени луѓе", семејства, заедници уште во процесот на нивното "*будење*".[9] Иако хуманоста ги поседува најсовршените технолошки достигнувања, сепак не успеала преку своите механизми да обезбеди доволно контрола врз протекот на капитал ширум светот. Одржливиот развој се чини останува осамен во процесот на израмнување на грубите социјални и просторно развојни облици, предизвикани од неконтролираното натпреварувања меѓу земјите.

[9] Jobes C. Patrick: *Globalisation and Regional renewal revisted*. "Australian Journal of Social Issues". Vol. 38(2003). p.78.

Заради ова, либерализацијата во светските текови од една страна да го има предвид зголемувањето на ефикасноста на националното стопанство, а од друга страна да не дозволи целосно задушување на домашните ентитети од странската конкуренција. Од правилно избраниот баланс меѓу либерализацијата и оставањето доволен простор за развој на домашните стопански услужни субјекти и нивно вклучување во меѓународната размена, ќе зависат идните перспективи за развој на македонското стопанство.

Во областа на економските системи, секоја земја ќе мора да се унифицира и да се проспособи со другите; макроекономската политика и регулатива ќе треба да се адаптираат, а и стопанската практика на компаниите ќе мора да се интегрира во процесите на глобализацијата.

## Заклучок

Како основни карактеристики на светската трговија од досегашните податоци се издвојуваат следните определници:

1. Меѓународната трговија е значаен и растечки дел од светската економска активност. Во последните четири децении меѓународната трговија се проширила за повеќе од 2000% во смисла на волумен.
2. Индустријализираните земји се главни учесници во светската трговија денес. Тие учествуваат повеќе од 60% од целокупниот светски извоз. Голем дел од нивната трговија е меѓусебна. Тие исто така се најголемите пазари за производите на земјите во развој.
3. САД се најголем поединечен учесник во меѓународната трговија (мерено по сума на увоз и извоз). Тие се најголем трговски партнер на многу други земји во светот.
4. Повеќето од земјите имаат тенденција поизразено да тргуваат со своите соседи.
5. Иако автомобилите се на второ место во светскиот извоз (во смисла на вредност), највеќе од добрата кои влегуваат во меѓународната трговија се агрокултурните растенија, суровините, полусуровините или капиталните добра.

***Summary***

Riste Temjanovski, PhD

**THE DIRECTION OF INTERNATIONAL TRADE: PARTICIPANT AND WINNERS**

*There are more than 190 countries in the world systems today. They come in all dispositions, shapes and sizes. The often question whish are opened today are: How important is international trade to the nations of the world? Whish countries trade with whish other countries? What goods do countries trade. This is one small segment of complex organization and systems structure of International economics.*

*Summarized the trade patterns described in this section, we have shown that industrialized countries account for the bulk of word exports and word imports. In particular, the largest amount of trade occurs between industrialized countries.*

*In terms of national trading patterns, countries tend to trade extensively with their neighbors. Nowhere is this more apparent than in EU, where two-thirds of EU member's exports go to other EU countries, and North America, where Canada, the USA and particularity Mexico are major markets for each other's goods.*

***Key words****: trading pattern, trade, International economics relations, globalization, liberalization*

**Литература:**

1. **Bajec J.:** *Savremeni privredni sistemi: uvod u komparativno izucavanje.* Beograd: Ekonomski fakultet, 1991. str. 141-142.
2. EUROSTAT,
3. **Frederick, P.S.; Warf, B.:** T*he World Economy: Resources, Location, Trade and Development.* New Jersey: Pearson: Prentice Hall, 2005.
4. **Завод за статистика на Република Македонија:** *Статистички годишник на Република Македонија=Statistical Yarbook of the Republic of Macedonia.* Скопје: Завод за статистика, 1995-2009.
5. **Jobes C. Patrick:** *Globalisation and Regional renewal revisted*. "Australian Journal of Social Issues". Vol. 38(2003).
6. **Кикеркова И.:** *Меѓународна економија*. Скопје: Економски факултет, 2003. 114-115
7. **Organizasiot for Economic Cooperation and Development. 1996.** *OECD in Figures: Statistics on the Member Countries*. Paris, France: OECD Publications Service.

8. **PRC General adiministration of Customs**, China’s Customs Statistics,
9. **Caves, E. R.; Frankel, A. J.; Jones, W. R.:** *World trade and payments: an introduction*. Boston: Pearson: Addison Wesley, 2007.
10. **Темјановски Р.(2005):** *Транспортниот систем во Република Македонија и европските стопански текови*. Скопје: Економски факултет (Докторска дисертација), 2005.
11. **Husted Stephen, Melvin Michael (2007):** *An Introduction to international Trade.* :International Economics 2007, Pearsow, Boston,New York.
12. **World Bank.:***World Development Report 2008*: Inrastructure for Development. New York, NY: Oxford University Press.2009
13. **World Bank :***World Development Report 2008*: From Plan to Market. New York, NY: Oxford University Press.2009

**Интернет извори:**

http://www.eubusiness.com/topics/trade
http://epp.eurostat.ec.europa.eu/portal/page/portal/external_trade/introduction
http://www.uschina.org/statistics/tradetable.html